# кВантитет за кВалитет

Во проектот "Dots Per Individua" четворицата млади македонски уметници Гордана Вренцоска, Игор Сековски, Станислава Шаровиќ и Борис Шемов на различен начин ја истражуваат компјутерската графика, што е една од појдовните точки на поврзување на овие автори. Самиот наслов на проектот произлегува од користениот медиум во кој се изведени сите дела на оваа изложба и претставува алузија на терминот DPI (мерка за резолуцијата на дигиталната графика, односно за квалитетот на сликата кој зависи од

**- Проектот со наслов "Dots Per Individua" на четворицата млади македонски уметници - Гордана Вренцоска, Игор Сековски, Станислава Шаровиќ и Борис Шемов, ќе биде претставен во галеријата „Сито", во периодот од 27.09-26.10.2003, како дел од Графичкото триенале во Краков, Полска.**









бројот на точките). **Гордана Вренцоска** во диптихот "Beauty must die" го анализира моментот на доживување на нештото кое таа го дефинира како убавина. Непостојаноста и минливоста на „моментот на убавина", а воедно и на чувството за неа, е сугерирана преку конкретни претстави кои постепено избледуваат, се губат, разградувајќи се на дифузни фрагменти од структури, форми и бои. За разлика од неа, **Борис Шемов** прави синтеза на различни фрагменти во една органска целина за да го прикаже доживувањето на феноменот на урбаното живеење. Метаморфозите произлезени од психолошката состојба („Несоници") се претставени во менталните слики кои изникнуваат од темнината, вибрирајќи во препознатливи визуелни информации од секојдневието. Искуството од интензивното урбано живеење е присутно и кај Игор Сековски, но со (сепак) крајно минималистички решенија во неговите "S-lines - during" и "S-lines - after". Секојдневното возење со подземната железница е сведено на едноставни линеарни прикази на траекториите на железницата, претставени во една негова претходна просторна инсталација. Во овој случај линиите се мултиплицирани, па декомпонирани. Во композицијата „Круг" ("Circle") **Станислава Шаровиќ**, ја истражува конструкцијата на просторот преку разградување на елементите на перспективата - различните точки на привлекување и оддалечување. Главно со распоредот на фотографиите, потенцирани со графички интервенции, таа го постигнува ефектот на контра перспектива.

Може да се забележи дека основна „материја" во претставените дела е фотографијата, која во понатамошниот процес на разработка доживува трансформации. Делата се базирани на принципот на анализа и/или синтеза на фрагментите од/во целината. И покрај сличностите во користењето на иста техника, членовите на оваа самоорганизирана група инсистираат на индивидуален приод кон проблемите на просторот, динамичноста, урбаното, на кои реферираат во реализацијата на оваа компактна изложба. Сепак, разликите се основа за кредото на оваа група: колку е поголем бројот на точките на гледање - сликата е подобра.

Маја ЧАНКУЛОВСКА